Бр./Nr 12-1605/2
28-10-2024 г./v.

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр. 12/19), член 40 став 2 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по пријава за прекршување на законските одредби во изборен процес поднесена од познат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 9-та седница одржана на 09.10.2024 година ја донесе следната

## О Д Л У К А

Пријавата заведена под број 12-1605/1 од 14.05.2024 година, оформен по пријава од познат подносител, во врска со незаконско донесена Одлука за разрешување од функцијата помошник-директор -----------------, ---------------- во време на изборниот период во 2024 година, **СЕ ОТФРЛА.**

ДКСК утврди дека, согласно Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, нема елементи за надлежно постапување за предметниот случај од причина што наводите изнесени во пријавата не упатуваат на повреда на одредбите од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси и Изборниот Законик односно не се однесуваат на непочитување на забраните утврдени во член 34 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси и во член 8-а и член 8-б од Изборниот законик.

Предметот со број 12-1605/1 од 14.05.2024 година да се затвори и архивира.

Оваа одлука во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

## О б р а з л о ж е н и е

Од страна на познат подносител, преку електронска пошта на ден 14.05.2024 година, поднесена е пријава против директорот на --------------, ----------------- и оформен е предмет број 12-1605/1 од 14.05.2024 година.
Наводите во пријавата се однесуваат на донесена Одлука од страна на директорот на ООУ ---------------, за незаконско разрешување од функцијата

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk

Помошник-директор во ООУ --------------, во изборниот период во 2024 година, која ја извршувало лицето ----------------.
Со ова, подносителот смета дека од страна на директорот на ООУ ----------------, бил прекршен Изборниот законик, со тоа што за време на изборниот период незаконски ја разрешил -------------- од функција Помошник-директор во ООУ------------, и со Одлука донесена на 13.05.2024 година била распределена на работното место професор по одделенска настава на албански наставен јазик.
Подносителот на пријавата во прилог има доставено документација од каде може да се утврди дека на ден 01.03.2022 година од страна на директорот на споменатото училиште била донесена Одлука со која вработената ----------- била прераспоредена во работник со посебни овластувања и одговорности односно Помошник директор на училиштето.
Исто така доставена е и Одлука донесена на ден 13.05.2024 година со која наведеното лице се разрешува од работното место Помошник директор, како и Решение до број ----------- донесено на истиот датум, 13.05.2024 година, а со кое вработената била распоредена на работното место професор по одделенска настава.

До Државната комисија на ден 30.05.2024 година беше доставен допис – Препраќање на надлежност, од страна на Државниот управен инспекторат, заведен со број --------------.
Во дописот е наведено дека Државниот управен инспекторат извршил вонреден инспекциски надзор во ООУ--------------, по претходно доставена Претставка од страна на лицето ------------, а во врска со донесена Одлука од директорот на училиштето. Од причина што Државниот управен инспекторат не утврдил елементи за надлежно постапување по предметниот случај, истиот го доставил до ДКСК заради натамошно постапување.
По извршени административни проверки, ДКСК со заклучок донесен на колегиум одржан на ден 23.07.2024 година, констатира дека се исполнети услови кон овој предмет да се спои предмет со број 12-1689/1 од 30.05.2024 година, поради тоа што пријавата е поднесена од друг подносител но ги содржи истите предметни наводи, а ДКСК за истите ќе одлучува во единствена постапка во овој предмет со број 12-1605/1 од 14.05.2024 година.

Од извршениот увид на забраните утврдени во член 34 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси и во член 8-а став 1, алинеа 3 и член 8-б од Изборниот законик, може да се утврди дека истите се однесуваат на забрана за

започнување на постапка за вработување на нови лица или постапка за престанок на работен однос во државни и јавни институции.
Во оваа насока, а во врска со предметните наводи, ДКСК констатира дека во случајот, нема елементи за надлежно постапување за предметниот случај од причина што наводите изнесени во пријавата се однесуваат на прераспоредување на вработено лице во училиштето и истите не упатуваат на повреда на одредбите од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси и Изборниот Законик, односно не се однесуваат на непочитување на забраните утврдени во член 34 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси и во член 8-а став 1, алинеа 3 и член 8-б од Изборниот законик, по што оцени дека нема елементи за надлежно постапување за предметниот случај.
Дополнително, во донесеното Решение за распоредување на работник, заведено со број ------------ од 13.05.2024 година е упатена правна поука согласно која вработената ------------ имала право на приговор до Училишниот одбор во рок од 8 (осум) дена од денот на приемот на истото.

Имајќи го предвид погоре наведеното, ДКСК одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

Претседател

Татјана Димитровска

Изготвил: м-р Ф.О., Советник
Контролирал: м-р К.З., Раководител на одделение
Согласен: м-р И.П., Раководител на сектор
Одобрил: З.Б., Член на ДКСК

Доставено до:
- подносителот на пријавата

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk